# Информативен билтен

## Центар за стручно образование и обука



*Драги читатели,*

*Во овој информативен билтен ќе Ве информираме за реализираните активности од страна на Центарот за стручно образование и обука, како што се новините во стручното образование и обука, разни семинари, работилници, издадени публикации, конференции, натпревари, состаноци, како и други активности реализирани од страна на вработените во ЦСОО.*

*Ви благодариме на вниманието.*

*Семинар на наставниците хемичари и технолози од училиштата со хемиско-технолошка струка на тема „Методи за реализација на практичната настава“*







На 22.8.2016 година во хотел „Монтенегро“ – Струга се одржа семинар на тема „Методи за реализација на практичната настава“. Овој настан беше организиран од страна на Здружението на наставници хемичари и технолози „ДИЈАГРАМ“ во соработка со ЦСОО.

Семинарот имаше цел да:

- ја унапреди реализацијата на практичната настава во рамките на хемиско-технолошката струка;
- информира за планирањето на професионалниот развој на наставниците;
- промовира идеи за развој на хемиско-технолошката струка.

На семинарот учествуваа 56 наставници хемичари и технолози од училиштата со хемиско-технолошка струка. Семинарот и дискусиите ги водеа Славица Петровска - претседател на Здружението и Ардијана Исахи-Палоши - советник за хемиско-технолошка струка. Свое излагање имаа и наставниците: Билјана Апостоловска и Каролина Боцевска. На семинарот се презентираа начини на планирање, организација, реализација и евидентирање на практичната настава во лабораторија и кај работодавач (компанија). Исто така се дискутираше за можни активности кои би придонеле за зголемување на заинтересираноста за струката и за планирањето на професионалниот развој на наставниците.